Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 548 www.mchamber.mk 03.11.2023




## НОВА ПЛАТФОРМА ЗА СОРАБОТКА – СЕ ЗАСИЛУВА ВРСКАТА МЕЃУ НАУКАТА И БИЗНИСОТ

## ВО БИТОЛА ОДРЖАН ПРВИОТ ФОРУМОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ ПЕЛАГОНИЈА И ПРЕСПА

## ДА СЕ УЧИ ОД ИСКУСНИТЕ

**(педагошка обука на стручен и друг кадар за спроведување на практична обука)**

08.11.2023, Работилница
ИЗМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОДНОС НА ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ И ДОДАТОЦИТЕ НА ИСХРАНА, ОЗНАЧУВАЊЕТО И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ТВРДЕЊА

08.11.2023, Семинар
БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА: “ПРИДОБИВКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕДЕН ОД НАЈЕФИКАСНИТЕ НАЧИНИ НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ”

22.11.2023, Семинар
“ТОП“ ФИНАНСИСКИ ФУНКЦИИ ВО ЕКСЕЛ

23.11.2023, Семинар
ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ (ПРИМАРНА И СУДСКА ЗАШТИТА), ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ, РАБОТНО ВРЕМЕ

28.11.2023, Семинар
ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

28.11.2023, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

29.11.2023, Семинар
НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА ФИЛТРИРАЊЕ, НАПРЕДНО ФИЛТРИРАЊЕ, ВАЛИДАЦИЈА, СРЕДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И ТЕКСТУАЛНИ ФУНКЦИИ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense, MERMEREN Kombinat

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, seavus

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, VEZESHARRI, AllianceOne






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# „ГРАДЕЖНИШТВОТО НА КРСТОПАТ“ – АМБИС ИЛИ УСПЕХ




На првата годишна конференција за патна инфраструктура насловена „искуства, предизвици и персективи“, во организација на Здружението за градежништво, градежни материјали и неметали при Стопанската комора, која се одржува два дена во Охрид во присуство на највисокиот државен врв и истакнати членки на Здружението при Комората, експерти, претставници на државни институции, научната фела, во шест панел дискусии се дискутира за улогата и важноста на градежнот сектор во вкуната македнска активност но и предизвиците и како овој сектор да поттикне уште поголем економкси раст согланso капацитетот со која располага. Конференцијата која е партенрски подржана од министерството за трансопорт и врски на едн место собра повеќе од 300 учесници.

Во своет излагање на првот панел налсовен – Градежништвото на крстопат, претседателот на Здружението при Комората констатираше дека Градежништвото е движечка стопанска гранка која има голем позитивен ефект врз растот на домашната економија, но од официјалните статистички податоци може да се забележи дека учеството и додадената вредност на градежништвото во БДП во последните четири години стагнираат. Од 7,1 % во 2015 година кога оваа стопанска гранка беше вистинска движечка сила на домашната економија, во последните четири години учеството на градежништвото во БДП во просек изнесува 5,5%. Додадената вредност на градежништвото значително опаѓа во периодот од 2016 до 2018 година кога е забележана негативна стапка на раст од -10,8 % што е впрочем и потврда на констатацијата на градежниците дека ова беше најтешката година за секторот во последната декада.

Показател за значењето и улогата градежништвото за развојот на економијата е и големината на секторот претставена преку податоците за бројот на активни компании, според кои градежништвото опфаќа 5.441 компанија или 7,7% од вкупниот број на активни компании на ниво на државата, според што, овој сектор е веднаш зад трговијата, преработувачката индустрија и транспортот. Бројот на градежни компании бележи растечки тренд во последните десет години, а во 2021 година споредено со 2011 година растот изнесува 23,7%.

Домашните градежни компании во минатото имаат стекнато значајни референци во земјата, но и многу пошироко во Европа и Азија. Меѓутоа, за жал, состојбите во изминатите дваесетина години се значително променети. Деловната клима која се креираше низ изминатите две децении најнапред преку интервенирање во критериумите за стекнување на овластувањата и лиценците, а потоа и преку креирање на практиката во доменот на јавни набавки каде речиси секогаш како критериум за доделување на договорите превладува критериумот најниска цена со што се остави можност да се намали квалитетот и да се зголеми нелојалната конкуренција на пазарот доведе до комплетно менување на сликата на македонското градежништво.

Здружението во континуитет своите активности ги темели на стручни материјали и иницијативи врз основа на анализи и податоци од релевантни институции, бидејќи само така може наместо празни флоскули, да се дадат основани препораки за развој на градежниот сектор.

Во рамки на панел дискусијаа на која покрај претседаелот на Здружението Серафимовски, учествуваа и министерот за транспорт Благој Бочварски, директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Ејуп Рустеми и професорот од градежен факултет Марковски, беш констатирано дека се успешни гардени прказни и раст на сектоорт во функција на развојот на вкупната економиа потребен е континуиран дијалог и обединување на сите чинители. На панелот беа констатирани и одредени поенти:

Да се поттикне окрупнување на капиталот кај градежните фирми, бидејќи формалната статистика покажува оти 0,12% од компаниите се со над 250 вработени, а истите создаваат 18% од вкупнта реалзиација во градежништвото;

Државата да подржи домашни компании за работа на грдаените ифраструктурни проекти, бидејќи сега 96% од градежните проекти со вредност од над 2 милијарди евра ги работата странски компании;

Во Законот за јавни набавки, најитно да се измени условот за миниална цена за добивање на градежни работи;

Предлогот Законот за градење кој го изготвува министерството за транспорт, по широка дебата со бизнис секторот и останатите засегнати страни во најкраток можен рок да биде донесен во собранието;



Иднина на градежнот сектор нема, без актвно и сериозн учество на државата која пркеу буџетски средства и мешународни финансии ги финансира капиталните инвестиции;

Потребна е стратегија за развој на инфратсруктурата, з адасе одвои директното влијание на политиката врз бизнисот. Ова пред се ако се има фактот дека секој капитален објект трае подолго од манадатот на секоја политичка партија, и оттука за инфраструктурните проекти треба да се дефинираат чекори колку што е просекот на секоја политичка гарнитура;

Да се работи активно на креирање на стручен високо квалификуван кадар, бидејќи сега итересот е значително намален за оваа дејнсот на огрдаежниот факултет;

Градежништвото како што вели Серфаимовски навистина е на крстопат, а овој крстопат е клучен. Понатака има само две насоки – или амбис или успех. Верувам вели тој дека досега имаме изградено солидна основа и потенцијал за успех. Меѓутоа за тоа, сите тука присутни, но и генерално како држава, бизнис заедница, образовни институции и други чинители во градежништвото треба да ги прифатиме последиците од нашето минато работење и во иднина да се фокусираме на развој на секторот.

Задржувањето на кадарот и одржувањето на конкурентноста на домашните компании треба да ни бидат приоритет бидејќи локалните граѓани и локалните компании се тие кои примарно го полнат буџетот и го обезбедуваат развојот. Во следните шест години нè очекува изградба на автопатски делници во должина од 108 километри на двата транспортни коридори кои минуваат низ државата. Ако се земе предвид дека во моментот, вкупната автопатска мрежа изнесува 242 km, тоа значи дека за само шест години се предвидува изградба на речиси ½ од постоечката автопатна мрежа која е градена низ историјата. Во такви услови, водејќи сметка за големината на државата , несомнено е дека следните години ќе бидат клучни за развојот на македонското градежништво, а домашниот инженерски кадар и домашните компании мора да бидат вклучени во градежната експанзија.

Тука не мислам на тоа дека Владата треба да работи наместо нас и да ни наоѓа работа. Таа треба да создаде амбиент, а ние да си го одработиме нашето. Под амбиент подразбирам квалитетна правна рамка и еднакви услови за работа за сите компании на капиталните проекти. Ако сакаме здраво стопанство, мора да имаме солидни закони и правна сигурност што подразбира дека законите доследно ќе се применуваат и ќе важат подеднакво за сите.





# НОВА ПЛАТФОРМА ЗА СОРАБОТКА – СЕ ЗАСИЛУВА ВРСКАТА МЕЃУ НАУКАТА И БИЗНИСОТ



Стопанската комора на Северна Македонија и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (УГД) започнуваат нова, иновативна соработка со цел да ја поддржат и олеснат интеграцијата на студентите во бизнисот и да ја засилат врската помеѓу науката и бизнис секторот.

На денешната средба меѓу претседателот на Комората Бранко Азески и ректорот на УГД проф. д-р Дејан Мираковски беа дефинирани можностите за имплементирање на концептот на дуално образование на Универзитетот и искористување на научно-истражувачките капацитети во развој на бизнисот.

„Сметам дека оваа соработка е неопходна за да ги изградиме следните генерации на лидери и стручњаци во различни области и да создадеме услови за успешна и перспективна иднина на младите генерации. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со реалниот сектор и предизвиците со кои се соочува стопанството, додека бизнисите ќе добијат можност да ги поддржат и менторираат следните генерации на професионалци“, истакна Азески.

Проектот помеѓу Комората и Универзитетот Гоце Делчев наречен „Студентите учат од бизнисот“ претставува платформа која ќе им овозможи на студентите да го спојат своето теоретско знаење со практичните искуства од бизнисот.

Преку овој проект студентите ќе имаат можност да ги развиваат своите вештини, но и да се запознаат со реалните предизвици на бизнисот, што ќе им овозможи подобро позиционирање на пазарот на труд по завршување на своите студии.

Проектот вклучува различни активности како гостувања на бизнис лидери во кампусот на Универзитетот, практични обуки и работилници, менторски програми во компаниите како и стекнување на конкретни знаења и вештини од областа на претприемништвото.

Ректорот на Универзитетот “Гоце Делчев” – Штип (УГД), проф. д-р Дејан Мираковски го истакна своето задоволство од продлабочување на соработката со Стопанската комора како најголема и најважна бизнис асоцијација во земјата и потенцираше дека особено важна компонента е да се отвори можност базичните истражувања кои се креираат во универзитетските научно-истражувачки центри да се применуваат во домашното стопанство.

„Само преку заедничка соработка на бизнисот и науката може да изградиме поконкурентно стопанство и посилна економија, и во таа насока ќе биде нашиот фокус на заедничка соработка со Стопанската комора“, нагласи ректорот Мираковски.



# ДА СЕ УЧИ ОД ИСКУСНИТЕ



Оваа учебна 2023/2024 година во процесот на дуалниот модел на образование се вклучија 560 компании во кои средношколците од стручните училишта ќе ја реализираа практичната обука на реално работно место за да ги стекнат своите практични вештини.

Во целиот процес на реализација на практичната обука во компаниите/институциите исклучителна важност имаат менторите во компаниите кои придонесуваат во едицирањето на учениците, во нивната стручна подготовка и во стекнувањето на практичните вештини и компетенции согласно работните процеси во компанијата. Покрај процесот на подучување на учениците, тие им го пренесуваат и своето стручно искуство кое ќе им помогне во транзицијата од училишната кон работната средина.

За таа цел, со поддршка на проектот „Образование за вработување“, а во организација на Стопанската комора, беа реализирани петата и шестата, по ред, педагошка обука на стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите (ментори). Петтата обука, за ментори во компании од Југозападниот регион, беше реализирана во Охрид. Потребата од обучен кадар во компаниите ја препозна и општина Охрид овозможувајќи бесплатно користење на салата на општината. Шестата обука пак беше реализирана во Куманово за компании од Североисточниот регион.

На обуката, претставниците од компаниите, низ седумте модули на Програмата, ќе се запознаат со законска регулатива од областа на стручното образование и обука, начинот на комуникација со учениците, подготовка на планот за реализација на практичната обука кој треба да биде усогласена со наставната програма за дадената квалификација, како и следење и вреднување на напредокот на учениците. По завршување на обуката менторите полагаат завршен испит за да се стекнат со сетрификат за ментор.

Компаниите/институциите кои имаат сертифицирани ментори мораат да го затворат процесот на осигурување квалитет со верификација на компанијата за реализација на практична обука, односно со проверка дали компанијата/институцијата ги исполнила условите за реализација на практичната обука (простор, опрема, мшини и алати) согласно квалификацијата која се изучува.

# ВО БИТОЛА ОДРЖАН ПРВИОТ ФОРУМОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ И ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ ПЕЛАГОНИЈА И ПРЕСПА



На иницијатива на претседателите на Регионалните комори со седиште во Битола и во Прилеп, денес, на 01.11.2023 година во Битола, се одржа првиот Форумот за унапредување на економскиот и општествен развој на нашиот регион Пелагонија и Преспа,

На Форумот како прв генералниот настан од овој вид се продискутира за унапредувањето и развој на инфрастуктурата во пелагонискиот плански регион како интегрирана целина во нашата држава и поврзувањето на регионот пошироко.

Како главни теми за дискусија од гостите панелистите се даде осврт на:

- развојот и капацитетот на патната и железничката инфраструктура и формирање на регионален транспортен хаб,
- развојот на гасоводната и енергетска мрежа и потенцијали,
- решавањето на заштитата на животната средина преку реализација на концептот на регионална депонија,
- обезбедување на адекватна работна сила за реализација и ангажман на инфраструктурните проекти и достапни финасиски извори

Форумот го отвори и водеше претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски кој во своето обраќање и изјава за медиумите истакна дека за подобрување на условите за работа на компаниите од Пелагонискиот регион, неопходно е подобрување на патната инфраструктура. Го посочи проблемот на скапиот транспорт за локалните компании кои истите ги прави неконкурентни и токму затоа неопходно е подобрување на патната и железничката инфраструктура.

Како модератор и иницијатор на настанот беше претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Ирена Јакимовска која се осврна на иницијативата за овој форум дека произлезе од сеќавањето од едно друго време кога Пелагонискиот регион беше мошне развиен. Таа посочи дека за првпат после 30 години сите заедно: Комората, владиниот и невладиниот сектор, како и високото образование, јавно дебатираат што е она што треба да ѝ се случи на Пелагонија за да постигне подинамичен развој, дури и за наредните 100 години. Сите компании од Пелагонискиот регион се согласија дека треба да обединување околу развојот на Пелагонија.

На форумот како гости панелисти беа поканети и дадоа придонес кон оваа иницијатива, со цел донесување на релеванти решенија за актуелните предизвици:

Јасмина Буневска Талевска - проректор на Униврзитетот Св Климет Охридски од Битола која зборуваше за инфраструктурата, состојба и можности за развој, Орде Георгиоски од Витаминка Прилеп кој се осврна на развој на регионалната патна ифраструктура со долго бараните автопатски решенија преку Бабуна, Лазар Гечевски кој го истакна значењето безбедноста и системските решенија во склоп на енергетика и екологија и развојот на енергетската инфраструктура, Ана Мазнев, од Министерството за животна средина која ја презентираше важноста на систем за заштита на животна средина преку развој на регионална депонија, Благица Петрески од FinanceThink кој даде јасна слика за едукацијата и потребата од работна сила и Горан Козаров, директор на Топлификација Битола кој го презентираше конечно реализираниот проект за топлификација на Битола, Могила и Новаци.

На настанот со свое присуство даде придонес и поддршка д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, потпретседател на Стопанската комора и советник на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија за економски развој и инфраструктура, која во своето излагање го истакна значењето на оваа манифестација, која ја покажува реалната потреба на бизнис секторот во Пелагонискиот регион за развој и раст. Таа апелираше и до локалните власти по примерот на Полска, која пред влегувањето во ЕУ направила стратегија за инфраструктура прифатена од сите политички партии со консензус дека инфраструктурата е најважна за една економија и истата наместо за 10 ја реализирала за 5 години при што набргу станува и член на ЕУ добивајќи наплив на странски инвестиции.



БИЗНИС ИНФО 9

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Работилница 08.11.2023

# ИЗМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОДНОС НА ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ И ДОДАТОЦИТЕ НА ИСХРАНА, ОЗНАЧУВАЊЕТО И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ТВРДЕЊА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 8 Ноември 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Додатоци на исхраната, нивно означување, здравствени тврдења како и измени во националното законодавство во однос на постапката за нивно одобрување и пуштање во промет".

На оваа онлајн работилницата ќе се појаснат термините додатоци на исхраната, храна за посебна нутритивна употреба, храна збогатена со витамини и минерали односно посебни видови на храна, нивно правилно и потполно означување (декларирање) пред пуштање во промет.

Ќе се разговара за одобрени нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели во однос на посебни видови на храна и нивно рекламирање, презентирање и претставување на пазарот согласно Закон за безбедност на храна.

Работилницата посебен фокус ќе стави на информирање на слушателите за новите измени на Законот за безбедност на храната, а ќе биде претставен новиот начин на одобрување на додатоците и посебните видови на храна за ставање во промет на пазарот, како и потребните документи потребни за одобрување на овој вид производи.

Предавач:
ТАЊА РИСТЕВСКА- дипл.земјоделски инжинер, стручен соработник при контрола на додатоци на исхрана и нивно презентирање, претставување и рекламирање за комерцијални цели.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Семинар 28.11.2023

# ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година (вторник) организира специјалистички еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Статистиката покажува дека:

Само 58% од организациите ја разбираат вредноста на проектниот менаџмент;
Само 2,5% од претпријатијата успешно/100% ги завршуваат своите проекти;
55% од проект менаџерите пречекорувањето на буџетот е причина за неуспехот на истиот;
Недостатокот на јасни цели е причина за 37% од неуспешните проекти;
44% од проектите не успеваат поради недостаток на усогласување помеѓу деловните и проектни цели;
75% од проектите пропаѓаат бидејќи менаџментот и раководство не се вклучува активно;
57% од проектите не успеваат поради лошата комуникација на членовите вклучени на проектот.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 28.11.2023**

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се "нелогични" и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?". На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 13.12.2023 - 22.12.2023**

# Практичен курс - водич за успешна продажба преку социјалните мрежи INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА

Постојат околу 2 милијарди корисници на Инстаграм во светот. 90% од нив следат барем една компанија на Инстаграм. Само поради ова, се плаќа за да се создаде профил за вашата компанија со апликацијата Instagram. Но, дали знаете дека можете да го преземете вашиот бизнис чекор сами и понатаму да почнете да продавате на Инстаграм?

На овој курс ќе научите како да креирате бизнис профил и да продавате на Инстаграм или преку Инстаграм користејќи други платформи.

Економските трендови во земјата и светот покажуваат дека социјалните мрежи како Инстаграм стануваат водечки платформи не само за дружење, туку и за добри бизнис потези, односно продажба на производи.

Всушност, повеќе од 25 милиони бизниси го користат Instagram за промовирање на нивните услуги, и ќе има сѐ повеќе од нив бидејќи Instagram е најбрзо растечката социјална мрежа.

Инстаграм е една од најдобрите 4 социјални мрежи со најголем број корисници.

За да го олесниме вашето патување во продажбата на Instagram, подетално го подготвивме овој курс, чекор по чекор како водич. Нашата цел е да одговориме на сите прашања кои би можеле да ги имате додека го започнувате процесот на продажба на Инстаграм, оттука Ве покануваме да земете учество на четиридневниот курс за INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА, кој ќе се одржи во декември (13, 14, 20 и 21 од 9:00 до 12:00 часот), во Стопанска комора на Северна Македонија, сала 1 на 5-ти кат.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
101
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088